# Систем за централизирано најавување на корисници

*Корисничко упатство*

**Верзија на документот :** *2.0.0.*

**Датум на креирање :** *29.03.2013*

**ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

бул. Кузман Јосифоски Питу бр.1 1000 Скопје
Телефон: + 389 2 3290-241, + 389 2 3290-248
Факс: + 389 2 3123-169
www.crm.com.mk

## ИСТОРИЈАТ НА ДОКУМЕНТОТ

| Верзија | Автор | Датум | Промени |
|---|---|---|---|
| *1.0.0* | *ЦРРМ* | *28.12.2010* | *Иницијална верзија на упатството.* |
| *1.5.0* | *ЦРРМ* | *30.04.2012* | *Додадени се упатства за дополнителни функционалности.* |
| *2.0.0* | *Ре-Актив* | *29.03.2013* | *Промени согласно верзија 2.0 на ЦМК.* |

## КОРИСТЕНИ ТЕРМИНИ

| Назив | Опис |
|---|---|
| **ССО** | Систем за централизирано најавување на корисници |
| **ЦРРМ** | Централен Регистар на Република Македонија |
| **ЦМК** | Систем за централизиран менаџмент на корисници |

СОДРЖИНА

**1 ВОВЕД ..... 5**

**2 КОРИСНИЧКИ УПАТСТВА ..... 6**

2.1 РЕГИСТРАЦИЈА НА КОРИСНИК ..... 6

2.2 БАРАЊЕ ПРИСТАП ДО АПЛИКАЦИЈАТА ..... 9

2.3 РЕСЕТИРАЊЕ НА ЛОЗИНКА ..... 13

# 1 ВОВЕД

Целта на овој документ е да даде конкретни инструкции на надворешните корисници во ССО за креирање на кориснички налог и барање на пристап до одредена апликација.

Секој корисник на услугите на системот за централизирано најавување на корисници може да има еден единствен кориснички налог. За секој систем корисникот ќе треба да побара пристап. Еднаш најавен корисник ќе има пристап до сите системи за кои има добиено пристап без повторно да се најавува на истите.

Исто така во документов е дадено објаснување на основните правила и принципи врз основа на кои е направено ова софтверско решение.

# 2 КОРИСНИЧКИ УПАТСТВА

## 2.1 Регистрација на корисник

| | | |
|---|---|---|
| Чекор 1 | Во вашиот веб пребарувач отворете ја страната https://e-submit.crm.com.mk/SSO/Login.aspx и потоа кликнете на линкот за регистрација „**регистрирате овде**“. |  |

**Чекор 2**

Системот ќе ви ја прикаже страната за регистрација. Внесете ги потребните информации.




**Чекор 3**

Внесете ги адресните податоци и кликнете на **Зачувај**.

Потоа кликнете на **Креирај налог**. Системот ќе ви ја даде следната порака за успешно креиран налог (прикажана во чекор 4).



| | | |
|---|---|---|
| Чекор 4 | Треба да очекувате e-mail нотификација со информација за Вашето **корисничко име** и Вашиот **ПИН код**. Корисничкото име се користи за најавување во системот за централизирано најавување на корисници, додека ПИН кодот се користи како идентификатор при добивање пристап во други системи. Истите треба да ги чувате како доверливи информации. |  |

## 2.2 Барање пристап до апликацијата

**НАПОМЕНА: ова упатство се однесува на генеричка апликација. Во зависност од тоа за која апликација барате пристап, некои параметри може да разликуваат, посебно во дополнителните податоци. Секоја апликација во ЦРРМ има посебно упатство кое детално го опишува регистрирањето и барањето за пристап.**

Чекор 1

Откако ќе се најавите на апликацијата со добиеното корисничко име и лозинката која сами ја креиравте при регистрацијата, системот ќе ве однесе на страната за избор на апликација во која ќе сакате да работите. Бидејќи се уште немате доделено пристап на апликацијата, кликнете на линкот **Побарај пристап** означен на следната слика.



**Чекор 2**

Системот ви ги дава апликациите во кои можете да побарате пристап.

Кликнете на системот и улогата за која сакате да добиете пристап, во случајов е-Поднесување во Трговскиот Регистар и улога WebUser.




**Чекор 3**

По избирањето на систем и улога ажурирајте ги динамичките својства.

Избеерете динамичко својство со притискање на стрелката пред својството и притисни го копчето **Ажурирај вредности**.



<table>
<tr>
<td>Чекор 4</td>
<td>Притиснете го линкот додади.</td>
<td>
</td>
</tr>
<tr>
<td>Чекор 5</td>
<td>Внесете вредност за динамичкото својство и притиснете го копчето Зачувај.<br>Потоа притиснете го копчето Зачувај Вредности од претходната форма.<br>Динамичкото својство ќе биде ажурирано.</td>
<td>
</td>
</tr>
</table>

**Чекор 5**

По внесување на вредности за сите задолжителни динамички својства притиснете го копчето **Зачувај**.




**Чекор 7**

Системот ќе ви даде порака за успешно зачувување на барањето за доделување пристап. Поради недостаток од привилегии, за Вашето барање ќе мора да биде донесена одлука. Околу резултатот од одлуката ќе бидете известени по e-mail во најкраток можен рок.



## 2.3 Ресетирање на лозинка

| Чекор 1 | Во случај кога сте ја заборавиле лозинката, кликнете на линкот **ја заборавивте вашата лозинка?** |  |
| --- | --- | --- |

| Чекор 2 | Внесете го вашето корисничко име, e-mail адреса, внесете ги буквите дадени на екранот и кликнете на копчето **Поднеси**.<br><br>**Напомена: Корисничкото име е во формат ime.prezime.w1 На пр. за Ангел Варналиев би било angel.varnaliev.w1**<br><br>На вашата e-mail адреса ќе бидат пратени инструкции за понатамошен процес за ресетирање на лозинката. Следете ги детално овие инструкции се додека не добиете приказ за внесување нова лозинка за пристап до системот. |  |
|---|---|---|